НМ, Скопје, 15. VII 1994/L, 17054, 10



НА МЕЃУНАРОДНИОТ МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ФЕСТИВАЛ ВО СОФИЈА

# Нов мултимедијален проект на Искра Димитрова

**Младата македонска скулпторка настапи со својот проект „Жестока дива“ меѓу дваесетина други поединци и групи од Европа и САД**

На вториот Меѓународен мултимедијален фестивал „Уметноста како ритуал, ритуалот како уметност“ што во последните денови на јуни се одржа во Софија(Бугарија) меѓу дваесетина поединци и групи од Бугарија, Велика Британија, Холандија, Австрија и САД учествуваше и младата македонска скулпторка Искра Димитрова со својот мултимедијален проект „Жестока дива“, во музичка придружба на Стеван Стојковски.

Искра Димитрова зад себе има повеќе вакви проекти изведени пред домашната јавност како и на неодамнешното студиско патување во САД. И овој најнов проект содржи препознатливи елементи од нејзиното претходно творештво. Тоа претставува своевиден ритуал, потоа тука е користењето на природни материјали на женските симболи и изворна музика со фолклорни инструменти. За својот најнов проект и впечатоците од настапот и приемот во Софија таа вели:

„Во средиштето на ритуалот е женскиот аспект во својот тоталитет, но значително е нагласен негативниот, тонскиот (див, опасен, разорувачки). Сето ова низ симболот на змијата – епифанија на светатаприродност: господарка на жените, симбол на плодноста, но и тонско божество, исто така. Ако тргнеме од тие спротивности на добро и зло кои се релативни, за мене тие повеќе се однос односот цивилизација-примитивно, така што змијата со својата двојна природа истовремено ги содржи спротивностите чии што вообичајно сфаќање е питомоста на лебот наспроти огнот кој претставува една нескротлива сила. Што се однесува до приемот ме изненади тоа што и во Америка и во САД публиката многу поинаку реагираше отколку во Скопје. Бев многу добро и топло прифатена и почувствував некаква благодарност кон мене што навистина ме збуни, бидејќи проектите што ги работам не се направени првенствено за публика.

Искра Димитрова (1965) дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје во 1987 година, а три години подоцна и на Факултетот за ликовна уметности. Работи во Театарот за деца и младинци, а во одреден период се занимавала и со видео арт.

**В. Д.**

